Врз основа на член 138 од Законот на здравствена заштита (Сл.весник на РМ. Бр.43/12) Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје објавува:

**К О Н К У Р С**

**За прием на кандидати за доедукација на здравствени работници-избрани лекари по семејна медицина за 3, 6, 9 и 12 месеци**

Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"-Скопје, за 2018 година, ќе врши прием на:

- 50 кандидати за доедукација во центарот за Семејна медицина во Скопје

Услови и критериуми за прием на доедукација
- Завршен медицински факултет
- Положен стручен испит
- Стекната основна лиценца
- Работен стаж во дејноста Општа медицина или работа како избран лекар минимум 14 години (за кандидати за 6 месеци доедукација)
- Работен стаж во дејноста Општа медицина или работа како избран лекар помеѓу 7 и 14 години (за кандидати за 9 месеци доедукација)
- Работен стаж во дејноста Општа медицина или работа како избран лекар минимум 3 години ( за кандидати за 12 месеци доедукација)
- Положен специјалистички испит по општа медицина (за кандидати за 3 месеци доедукација)
- Предност ќе имаат едукатори во ПЗЗ и доктори во рурални средини

Доедукацијата ќе се обавува според усвоената програма. Еднодневните модули ќе се реализираат за викенди во **Центрот за семејна медицина во Скопје**, а практичниот дел ќе се обавува во болнички оддели во **Универзитетските Клиники при Клиничкиот Центар Скопје** и утврдените амбуланти.

**Рок за пријавување: 30 дена од датумот на објавување на конкурсот.**

Документи за пријавување:
- диплома и уверение со оценки за завршен Медицински факултет (нотаризирани)
- Уверение за положен стручен испит и основна и работна лиценца;
- Копија од М1/М2 образец од Здравствена установа во која кандидатот е вработен
- Потврда за работен стаж (извод од ПИОМ или извод од Агенција за вработување)
- Потврда од лекарот кој ќе го заменува кандидатот додека кандидатот е на доедукација
- Копија (заверена) од уверение за положен специјалистички испит по општа медицина (за кандидати за 3 месеци доедукација)

**НАПОМЕНА:** Доедукацијата ќе почне на 1 октомври 2018 г. Од 17.09 до 21.09.2018 избраните кандидати да уплатат прва рата и да подигнат решенија од Деканат. Во тек на септември ќе се формираат групи и ќе се распределат ментори. Потребно е кандидатите да ја организираат својата работа за да можат непречено да ја обавуваат доедукацијата (турнусите и викенд модулите)

Програмата за доедукација може да се најде на www.semejnamedicina.mednet.mk

ОД МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УКИМ- СКОПЈЕ